**20260080102**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

□□□□□□□□□□□

Врз основа на член 26 став (6) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20, 253/23 и 187/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јануари 2026 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА 2026 ГОДИНА

1. Со оваа програма се утврдува распределбата на средствата потребни за финансирање на железничката инфраструктура, кои се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година Раздел 13001 Министерство за транспорт, Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, категорија 48 Капитални расходи, ставка 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, во износ од 1.000.000.000 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за следните намени:

**2.1 Машинско одржување на пруги и свртници 10.000.000 денари**

Машинско регулирање на 70 километри колосек и 170 парчиња свртници заради подобрување на геометриските параметри на колосекот и свртниците во однос на стабилноста, смерот, надвишувањето и ширината на колосекот и свртниците со што се подобрува општата состојба на пругите и се обезбедува сигурен и безбеден железнички сообраќај и машинско планирање на толчаник-засторна призма на 360 километри колосек, заради оформување на толчаничката призма по ранг и категорија на пруга на пругите на територија на Република Северна Македонија.

Дел од средствата од оваа потточка во износ од 4.029.629 денари се наменети за неизмирени обврски од реализација на точка 2 потточка 1 од Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2025 година.

**2.2 Одржување на горен строј 32.000.000 денари**

Замена на дотраени дрвени и метални елементи на колосекот и свртниците, одржување на горниот строј на пругите на територија на Република Северна Македонија заради подобрување на геометриските параметри на колосекот и свртниците во однос на стабилноста, смерот, надвишувањето и ширината на колосекот и свртниците со што се подобрува вкупната состојба на пругите и се обезбедува сигурен и безбеден железнички сообраќај и тоа:

**1. Комплетна замена на шини со нови**

Комплетна замена на шини со нови ќе се изврши на изабаните шини во кривини заради подобрување на сигурноста на сообраќајот. Комплетна замена на шини со нови ќе се

изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија во вкупна количина од 1004,4252 тони;

**2. Замена на колосечни дрвени прагови со нови**

Замената на колосечни дрвени прагови со нови ќе се изврши рачно и машински на пругите на територија на Република Северна Македонија во количина од 11000 парчиња;

**3. Замена на колосечен прибор со нов**

Замена на колосечниот прибор со нов ќе се изврши рачно на пругите на територија на Република Северна Македонија во количина од 62,28 тони;

**4. Замена на толчаник**

Замената на толчаник ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија во количина од 9770 $m^3$;

**5. Замена на комплет свртница (метал ) со нова (без граѓа)**

Замената на комплет свртница (метал) со нова без граѓа ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија во количина од 68,94 тони;

**6. Замена на метални делови на свртница со нови**

Замената на металните делови на свртница со нови ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија во количина од 45,596 тони;

**7. Замена на свртнички дрвени прагови со нови**

Замената на свртничките дрвени прагови со нови ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија во количина 210,656 $m^3$;

**8. Замена на комплет свртница (метал) со нова (со граѓа)**

Замената на комплет свртница (метал) со нова со граѓа ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија во количина од 3 парчиња;

**9. Замена на мостовска граѓа со нова**

Замената на мостовска граѓа со нова ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија во количина од 46,58 $m^3$;

**10. Замена на подлога на патни премини со монтажни елементи од рециклирана гума**

Замена на подлога на патни премини со монтажни елементи од рециклирана гума ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија во количина од 400 $m^2$;

**11. Заварување на шини**

Заварувањето на шините ќе се изврши по замена на шини нови и половни и заварување на изолирани лепени состави на пругите на територија на Република Северна Македонија во количина од 300 Алумино термитски (АТ вара);

**12. Лепење на изолиран состав на лице место**

Лепењето на изолирани лепени состави на лице место ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија во количина од 70 парчиња;

**13. Замена на изолиран состав со нов**

Замена на изолирани лепени состави со нови ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија во количина од 80 парчиња;

**14. Мерна кола за снимање на параметри на геометријата на колосек**

Мерењето со мерната кола ќе се изврши на пругите на коридор 10 и пругите во Скопскиот железнички јазол во должина од 635,323 km;

**15. Регулирање на колосек на класичен начин на отворена линија**

Регулирање на колосек на класичен начин на отворена линија ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**16. Регулирање на колосек на класичен начин на станични колосеци**

Регулирање на колосек на класичен начин на станични колосеци ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**17. Собирање на стар толчаник**

Собирањето на толчаникот ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**18. Подигање на паднати состави по машинско регулирање**

Подигање на паднати состави по машинско регулирање ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**19. Поправка на ширина на колосек на отворена линија**

Поправка на ширина на колосек на отворена линија ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**20. Поправка на ширина на колосек на станични колосеци**

Поправка на ширина на колосек на станични колосеци ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**21. Поправка на ширина на свртници**

Поправка на ширина на свртници ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**22. Решетање и дополнување на застор на отворена линија на состави и кратки растојанија**

Решетање и дополнување на застор на отворена линија на состави и кратки растојанија ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**23. Решетање и дополнување на застор на станични колосеци**

Решетање и дополнување на застор на станични колосеци ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**24. Регулирање на свртници на класичен начин на главни проодни колосеци**

Регулирање на свртници на класичен начин на главни проодни колосеци ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**25. Регулирање на свртници на класичен начин на останати колосеци**

Регулирање на свртници на класичен начин на останати колосеци ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**26. Поправка на свртници**

Поправка на свртници ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**27. Одржување на железнички постројки –чистење на свртници**

Одржување на железнички постројки–чистење на свртници ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**28. Замена на половни прагови на свртница**

Замена на половни прагови на свртница ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**29. Замена на половни свртници**

Замена на половни свртници ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**30. Замена на делови на свртница со половни делови**

Замена на делови на свртница со половни делови ќе се изврши на свртниците на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**31. Подмачкување, притегање, вијци, тирфони и везици на отворена линија**

Подмачкување, притегање, вијци, тирфони и везици на отворена линија ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**32. Подмачкување, притегање, вијци, тирфони и везици на станични колосеци**

Подмачкување, притегање, вијци, тирфони и везици на станични колосеци ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**33. Замена на прснати шини на отворена линија и главни проодни колосеци**

Замена на прснати шини на отворена линија и главни проодни колосеци ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**34. Замена на прснати шини на станични колосеци**

Замена на прснати шини на станични колосеци ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

1. **Замена на изолирани везици со нови**

Замената на изолирани везици со нови ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија во количина од 10 парчиња;

**35. Замена на шини со половни**

Замена на шини со половни ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**36. Замена на прагови со половни**

Замена на прагови со половни ќе се изврши рачно и машински на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**37. Замена на оштетени бетонски прагови**

Замена на оштетени бетонски прагови ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**38. Замена на колосечен прибор со половен**

Замена на колосечен прибор со половен ќе се изврши рачно на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**39. Замена на вметки (тополови и гумени ) на оворена линија**

Замена на вметки (тополови и гумени) на отворена линија ќе се изврши рачно на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**40. Замена на вметки (тополови и гумени ) на станични колосеци**

Замена на вметки (тополови и гумени) на станични колосеци ќе се изврши рачно на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**41. Рачно чистење на вегетација на отворена линија**

Рачното чистење на вегетација на отворена линија ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**42. Рачно чистење на вегетација на станични колосеци**

Рачното чистење на вегетација на станични колосеци ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**43. Чистење на вегетација со хемиски средства на отворена линија**

Чистењето на вегетацијата со хемиски средства на отворена линија ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**44. Чистење на вегетација со хемиски средства на станични колосеци**

Чистењето на вегетацијата со хемиски средства на станични колосеци ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

**45. Преместување на поедини елементи од горен строј на отворена линија и станични колосеци**

Преместување на поедини елементи на горен строј на отворена пруга и станични колосеци ќе се изврши на пругите на територија на Република Северна Македонија;

За сите активности од оваа потточка ќе се користи механизација**:** ТМД, Грајфери машина багер Липкер А902, машина багер О&К и двонаменско патно-шинско возило Мерцедес Спринтер.

Дел од средствата од оваа потточка во износ од 31.660.313 денари се наменети за неизмирени обврски од реализација на точка 2 потточка 2 од Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2025 година.

**2.3 Одржување на долен строј 10.000.000 денари**

Сечење на дрва и вегетација покрај пруга од лева и десна страна, кастрење на гранки од дрва покрај пруга од лева и десна страна, чистење на снег и мраз во тунели, чистење на снег и отпаден матерјал на свртници и станични колосеци, тековно одржување на канали, тековно одржување на нанос од канали, чистење на камени косини, усеци, засеци склони на паѓање, чистење на земјани косини, усеци, засеци склони на паѓање, одржување на опрема на линија, одржување на калдрма на патни премини и рампи, одржување на патни премини со дрвени прагови и одржување на патни премини со гумени елементи, одржување на товарни рампи рачно и машински со машина ровокопач Вениери 10.33, машина грајфер Геисмар КГТВ 4654 , машина грајфер Донели ДСФ 1500, машина багер Липкер А902 и машина багер О&К кои ќе се вршат на пругите на цела територија на Република Северна Македонија. Со оваа позиција се обезбедува видливост на пругата и светлосната сигнализација, како и слободен проток на водата по штитните и одводни канали и пропусти.

**2.4 Одржување на електротехнички постројки 44.861.000 денари**

Одржувањето на електротехнички постројки вклучува одржување на сигнално сигурносните постројки, телекомуникациони, енергетски и постројки за електровлеча и тоа:

2. Станични сигнално сигурносни постројки

Секоја осигурана станица со електрорелејни системи се состои од: релејни рамови со изведена инсталација за поврзување на релејни групи, комплетна гама на релејни групи, моторни релеа, шпуреви, напојни елементи, напојна ватоматика, фреквентни претворувачи, батериски претворувачи, претворувачи од КМ, стационарни акумулаторски единици со голем инсталиран капацитет, надворешна сигнална опрема, главни сигнали, маневарски сигнали, латерни, сигнални ормари, напојни и релејни глави, свртнички поставни справи;

3. Сигнално сигурносни постројки на патни премини со полубраници, светлосна и звучна сигнализација

Сигнално сигурноси постројки за осигурување на патни премини во ниво со блок куќичка, поставни справи, надворешни сигнални елементи, електронски сигнални контакти, механички контакти, полубраници, електро релејни сигнални групи, напојни елементи, друмски сигнални знаци, железнички сигнални знаци;

4. Сигнално сигурносни постројки на АПБ делници

Сигнално сигурносни постројки со релејни рамови, блок куќичка, релејни групи, напојни елементи, пригушници, електронски контакти, сигнали и повторувачи на сигнали со задолжителна сигнална опрема;

5. Електроенергетски постројки

Главни разводни и командни ормари и опрема за енергетско напојување во напонско ниво до 0,4 KV, дизел агрегати за резервно напојување, автоматика за пратење и вклучување на основни и резервни извори за напојување. Енергетски постројки, мерно регулациона опрема за напонско ниво до 10 KV, трансформаторски постројки со раставувачка и заштитна опрема, енергетски кабли;

6. Телекомуникациони постројки

Телефонски централи, високофреквентни уреди, оптички мултиплекс уреди со пристапна опрема IP, PBX и мрежна опрема, оптички и бакарни кабли и инсталации, пружна телефонија, видео надзор, радио станици, предаватели, антенски инсталации за радио станици, локални мрежи со свичеви и рутери и

7. Постројки за електро влеча

Електровлечни постројки со опрема за 110 KV, опрема за 25 KV, заштитни системи за диференцијална, дистантна, опрема за секционирање, прекинувачи, енергетски трансформатори во ЕВП, енергетски трансформатори за ПС и ПСН, мерно регулациони уреди за 110 KV, мерно регулациони уреди за 25 KV.

**2.5 Проект „Градски воз“ 431.800.000 денари**

Проектот „Градски воз“ ќе воспостави локална железничка конекција за патнички сообраќај во Скопскиот регион и тоа на делниците: Миладиновци – Илинден – Маџари – Скопје (20km), Скопје - Лисиче – Драчево – Јане Сандански – Зелениково (25km) и Скопје – Скопје Север – Ѓорче Петров – Волково (18km). Со воведувањето на „Градски воз“ се очекува граѓаните да се вратат на користење локален железнички превоз со што ќе се подобри ефикасноста на превоз на патници во Скопскиот регион и ќе се намали сообраќајниот метеж на територијата на Град Скопје, а истовремено ќе се намали и аерозагадувањето. Затоа е потребно да се изврши реконструкција на постоечките траси со цел реализација на Проектот.

Дел од средствата од оваа потточка во износ од 80.790.050 денари се наменети за неизмирени обврски од реализација на точка 2 потточка 5 од Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2025 година.

**2.6 Рехабилитација на делници на коридор 10 168.820.000 денари**

На дел од пругата на коридор 10 постојат делници каде состојбата на пругата е во многу лоша состојба и на кои моменталната дозволена брзина е 20 км/час. Предвидени се градежни активности и тоа санација на свлечишта, парапети, лежишта, долен строј, кампада во тунели, изработка на одводни канали, рушење на карпи, стабилизација на косини, заливање на мостови, како и замена на шини, прагови и колосечен прибор со цел подобрување на безбедноста во сообраќајот и подигнување на дозволената брзина.

Дел од средствата од оваа потточка во износ од 143.815.200 денари се наменети за неизмирени обврски од реализација на точка 2 потточка 6 од Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2025 година.

**2.7 Модернизација на автоматски пружен блок (АПБ) со потребна документација 155.623.000 денари**

Автоматски пружен блок (АПБ) уредите на поголем број од делниците се постари од 30 години, зафатеноста на просторните отсеци се направени со шински струјни кола кои се одвоени со лепени состави, пригушници, напојни трафоа и релеа. Потрошувачката на енергија е голема, резервните делови не се произведуваат, а одржувањето е скапо. Наназад неколку години, зголемен е бројот на кражби на пригушници, што сериозно ја загрозува безбедноста на железничкиот сообраќај. Поради сето тоа потребно е нивна замена со

бројачи на осовини со многу подобри параметри, енергетски ефикасни, поекономични за одржување, а од особена важност зголемена безбедност во сообраќајот.

Дел од средствата од оваа потточка во износ од 12.023.250 денари се наменети за неизмирени обврски од реализација на точка 2 потточка 8 од Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2025 година.

**2.8 Надградба и модернизација на софтвер и хардвер на Телекоманда со потребна документација 131.896.000 денари**

Системот за телекомуникациска команда (телекоманда) претставува клучен елемент во безбедното и ефикасно управување со железничкиот сообраќај. Постојната хардверска и софтверска инфраструктура е веќе застарена, со ограничени можности за интеграција со современи технолошки решенија и со зголемена веројатност за дефекти и застои.

Цели на надградбата се:

8. подобрување на безбедноста и сигурноста во железничкиот сообраќај,
9. намалување на застои поради технички дефекти,
10. автоматизација на процесите за мониторинг и управување и
11. зголемување на оперативната ефикасност и капацитет.

Дел од средствата од оваа потточка во износ од 13.147.100 денари се наменети за неизмирени обврски од реализација на точка 2 потточка 9 од Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2025 година.

**2.9 Алтернативна мрежа за пренос на податоци на Коридор X и Коридор XД 15.000.000 денари**

Оптичката мрежа претставува основен ресурс за пренос на податоци помеѓу хардверите и софтверите. Функционирањето на телекомандата е условено од постоењето на оптичката мрежа, односно без оптика се доведува во прашање контролирањето и управувањето на товарниот и патничкиот железнички сообраќај и е јадрото во безбедноста на железничкиот сообраќај. Од тие причини покрај примарната оптичка мрежа, од исклучителна важност е воспоставување на секундарна мрежа за трансфер на податоци со цел зголемување на безбедноста во железничкиот сообраќај.

3. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-194/12
13 јануари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.